Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО
Бр. 0307/281
05.06.2026 год.
Скопје

Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ
Бр. 0307-257
03.06.2026 год.
СКОПЈЕ

# РАМКОВНА СПОГОДБА

## за набавка на услуги за објавување на огласи во дневни весници на македонски јазик

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-3774/8
01-06-2026 20 год. / viti

Склучена на ден______________ 2026 година, во Скопје, помеѓу:

Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 803-107/1
01.06 2026 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерството за социјална политика, демографија и млади** со седиште на Ул. Даме Груев број 14, Скопје, претставувано од Министер Fatmir Limani во понатамошниот текст: Договорен орган, и

2. **Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје, ЕМБС 6123163, Даночен број: 4030006598464, претставувано од Управителот **Ратко Лазарески**, во понатамошниот текст: Носител на набавката (прворангиран);

3. **Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје,** со седиште на ул. Кеј 13-ти Ноември 12, Г.Т.Ц. 2кат, Локал 12 Д.Е.235, Скопје, ЕМБС 6895760, Даночен број: 4057013522738, претставувано од Управителот **Мирослав Јовановиќ**, во понатамошниот текст: Носител на набавката (второрангиран);

4. **Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Бул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 66, Скопје, ЕМБС 5850797, Даночен број: 4030004503393, претставувани од Управители **Валентина Кочовска** и **Игор Панајотов**, во понатамошниот текст: Носител на набавката (третирангиран).

## ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА

### Член 1

Предмет на оваа Рамковна спогодба е набавка на услуги за објавување на огласи во дневни весници на македонски јазик за потребите на Министерство за социјална политика, демографија и млади за период од една година.

Со оваа Рамковна спогодба се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителите на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност за набавка на услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) како и сите материјални прописи кои се во сила во моментот на склучување на оваа Рамковна спогодба и се во врска со предметот на набавка.

Спогодбата се склучува врз основа на Одлука за јавна набавка со арх.бр. 02-3774/1 од 06.05.2026 год., техничката спецификација и прифатени понуди, по оглас бр. 08037/2026 објавен на ЕСЈН и Одлука за избор на најповолна понуда со арх.бр. 02-3774/6 од 22.05.2026 година.

## ЈАЗИК НА СПОГОДБАТА

### Член 2

Јазик на Спогодбата и на другите документи кои претставуваат составен дел на Спогодбата ѐ македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонскиот јазик.

## ВРЕДНОСТ НА СПОГОДБАТА

### Член 3

Вкупната вредност на спогодбата е 400.000,00 денари без вклучен данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 72.000,00 денари односно 472.000,00 денари со вклучен данок на додадена вредност.

## РЕПРО ПРИНТ

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Кол. | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/1 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 6.200,00 | 6.200,00 | (18%) 1.116,00 | 7.316,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/2 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 6.100,00 | 6.100,00 | (18%) 1.098,00 | 7.198,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/3 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | (18%) 180,00 | 1.180,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/4 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 6.000,00 | 6.000,00 | (18%) 1.080,00 | 7.080,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/5 страна (2/10) црно бела боја | Парче | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | (18%) 360,00 | 2.360,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 2/5 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 3.000,00 | 3.000,00 | (18%) 540,00 | 3.540,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница см$^2$ црно-бела боја | Парче | 1,00 | 100,00 | 100,00 | (18%) 18,00 | 118,00 |

Вкупно без ДДВ: 24.400,00 ден. | ДДВ (18%): 4.392,00 ден. | Вкупно со ДДВ: 28.792,00 ден.

## СЛОБОДЕН ПЕЧАТ

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Кол. | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/1 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 28.000,00 | 28.000,00 | (18%) 5.040,00 | 33.040,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/2 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 16.800,00 | 16.800,00 | (18%) 3.024,00 | 19.824,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/3 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 13.440,00 | 13.440,00 | (18%) 2.419,20 | 15.859,20 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/4 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 10.400,00 | 10.400,00 | (18%) 1.872,00 | 12.272,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/5 страна (2/10) црно-бела боја | Парче | 1,00 | 3.600,00 | 3.600,00 | (18%) 648,00 | 4.248,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 2/5 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 4.800,00 | 4.800,00 | (18%) 864,00 | 5.664,00 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1 см$^2$ црно-бела боја | Парче | 1,00 | 48,00 | 48,00 | (18%) 8,64 | 56,64 |

Вкупно без ДДВ: 77.088,00 ден. | ДДВ (18%): 13.875,84 ден. | Вкупно со ДДВ: 90.963,84 ден.

## ВЕЧЕР ПРЕС

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Кол. | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/1 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 28.044,00 | 28.044,00 | (18%) 5.047,92 | 33.091,92 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/2 | Парче | 1,00 | 16.728,00 | 16.728,00 | (18%) 3.011,04 | 19.739,04 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | страна црно-бела боја | | | | | | |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/3 страна црно-бела боја | парче | 1,00 | 13.225,00 | 13.225,00 | (18%) 2.380,50 | 15.605,50 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/4 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 9.594,00 | 9.594,00 | (18%) 1.726,92 | 11.320,92 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1/5 страна (2/10) црно-бела боја | Парче | 1,00 | 4.428,00 | 4.428,00 | (18%) 797,04 | 5.225,04 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 2/5 страна црно-бела боја | Парче | 1,00 | 8.856,00 | 8.856,00 | (18%) 1.594,08 | 10.450,08 |
| 22212100-0 | внатрешна страница 1 $см^2$ црно-бела боја | парче | 1,00 | 49,00 | 49,00 | (18%) 8,82 | 57,82 |

Вкупно без ДДВ: 80.924,00 ден. | ДДВ (18%): 14.566,32 ден. | Вкупно со ДДВ: 95.490,32 ден.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СПОГОДБАТА

### Член 4

Спогодбата се склучува на определено време за период од 12 месеци.

### Член 5

Спогодбата ќе се реализира најмногу до искористување на финансиската рамка предвидена во член 3 на оваа спогодба, со достава на нарачки без повторно прибирање на понуди од економските оператори кои ќе бидат страна во Рамковната спогодба и со сите утврдени услови што останувaат непроменети за целото времетраење на Спогодбата.

Поединечните договори ќе се сметаат за склучени со давање на писмена нарачка од овластено лице кај Договорниот орган до Носителот на набавката, испратена по e-mail или по редовна пошта (потпишана во хартиена форма).

## РОК И НАЧИНИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

### Член 6

Носителот на набавката е должен за реализација на услугата која е предмет на набавката да ги преземе сите активности кои одговараат на природата на бараната услуга и предметната услуга да ја врши совесно, квалитетно и навремено, согласно описот и природата на бараните услуги.

Доколку има потреба истиот оглас да се објави во повеќе дневни весници истовремено, договорниот орган нарачката ќе ја испрати истовремено до онолку носители на набавката според рангираноста во рамковната спогодба колку што ќе биде потребно.

Доколку друг надлежен орган објавува во име на договорниот орган, тој по укажување на договорниот орган ќе се обрати до носителите на набавката според рангот во рамковната спогодба последователно. И во овој случај фактурата ќе биде на товар на договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата сукцесивно по барање на одговорното лице за реализација на овој договор за јавна набавка, според потребите и динамиката, врз основа на (претходно) доставена писмена нарачка, и да го објави огласот во рок од 48 часа од приемот на писменото известување, односно приемот на материјалите за објава. Текстовите за објава ќе се доставуваат во едитабилен формат, а Носителот на набавката е должен да го подготви во формат за објава.

Текстовите кои треба да бидат објавени треба да бидат напишани и достапни на економските оператори на македонски јазик.

Носителот на набавката се обврзува: да изврши објавување на огласи, конкурси, известувања, јавни објави, повици и други објави од надлежност на Министерство за социјална политика, демографија и млади во дневниот весник, според потребите на Договорниот орган. Објавувањето ќе се врши во црно-бела боја.

Договорниот орган барањето со содржината на огласот го доставува електронски до носителот на набавката со одредување на датум кога треба да биде објавен во дневниот весник. Носителот на набавката е должен да го потврди барањето по е-маил со потврдување на денот кога Ке се објави огласот во дневниот весник.

Носителот на набавката е должен по потреба да обезбеди термин за објава во бараниот број на весникот. По извршување на услугата носителот на набавката е должен да достави примерок од изданието на весникот каде е објавен огласот, во седиштето на Договорниот орган Министерство за социјална политика, демографија и млади на ул. Даме Груев бр. 14, 1000 Скопје.

## НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 7

Начинот на плаќање е во рок од 30 дена по приемот на фактурата со прилог писмена нарачка за извршена услуга предмет на набавката во Архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Износот на фактурата ќе биде според договорената цена за одредена големина на објавениот оглас.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

### Член 8

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- Големината на огласот;
- назив на Договорниот орган, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на извршена услуга;
- пресметка по единечни цени и вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ (ако има);
- валута на плакање.

Некомплетно доставена фактура од страна на носителот на набавката, договорниот орган ќе ја врати писмено со образложение за причината за враќањето и рокот во кој носителот на набавката е должен

да ги исправи недостатоците или грешките. Доколку носителот на набавката не достави фактура согласно насоките и не ги исправи недостатоците или грешките, рокот за плаќање ќе започне да тече од денот на постапувањето по укажувањето и приемот во архивата на изготвена фактура согласно овој член од договорот.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 9

Носителот на набавката е должен да постапува согласно барањето доставено од одговорното лице за следење на реализација на договорот кај договорниот орган, како и врз основа на доставената понуда и утврдена техничка спецификација.

Носителот на набавката се обврзува дека стручно, професионално и квалитетно ќе го извршува предметот на оваа спогодба.

## ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 10

Договорниот орган се обврзува дека ќе изврши исплата на цената за извршената услуга на начин утврден во член 7 од оваа спогодба.

### Член 11

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во рокот определен во оваа спогодба, истиот е согласен на договорна казна во висина од 0,05% од вкупната вредност на договорот определена во член 3 за секој ден доцнење.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја пресмета и ќе ја одбие од вкупната вредност на спогодбата определена во член 3 од оваа Спогодба.

Лице задолжено за реализација на предметот на договорот кај Договорниот орган е Ивона Кусакатска или друго лице овластено од Министер.

## ИЗМЕНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

### Член 12

Оваа спогодба во текот на нејзината важност може да се измени по договор на двете страни, а согласно член 119 од Законот за јавните набавки.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА СПОГОДБАТА

### Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да ја раскине спогодбата, а во секој случај има право на надомест на штетата.

### Член 14

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од спогодбата, другата страна може да ја раскине спогодбата и да бара надомест на штетата.

**Член 15**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски ја раскинува спогодбата, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 16**

Рамковната спогодба не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 17**

Со раскинувањето на спогодбата двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 18**

Ако по склучувањето на рамковната спогодба настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на спогодбата, во таа мера што е очигледно дека спогодбата повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила каква што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која поради промените во околностите не може да ја оствари целта на спогодбата може да бара истата да се раскине.

Раскинување на спогодбата не може да се бара ако страната што се повикува на промените обства била должна во времена склучувањето на спогодбата да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на спогодбата не може да се повикува на промените обства кои настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Спогодбата нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако судот изречи раскинување на спогодбата, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 19**

Страната што е овластена да бара поради променетите обства раскинување на спогодбата е должна за својата намера да бара раскинување на спогодбата, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви обства, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

Рамковната спогодба стапува на сила со денот на потпишување на истата од сите договорни страни.

**Член 21**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од оваа Спогодба само врз основа на член 119 од Законот зајавните набавки (Службен Весник на РМ бр.24/19).

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од оваа спогодба можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Спогодба за изменување и дополнување на основната спогодба врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки (Службен Весник на РМ бр.24/19).

Дополнувањата и измените на оваа спогодба се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од сите договорни страни.

**Член 22**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 23**

Оваа спогодба е составена во 8 (осум) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на нејзино склучување.

| **Министер**<br>**Fatmir Limani** | **РЕПРО ПРИНТ**<br>Управител<br>**Ратко Лазарески** | **СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**<br>Управител<br>**Мирослав Јовановиќ** | **ВЕЧЕР ПРЕС**<br>Управители<br>**Валентина Кочовска**<br>**Игор Панајотов** |
|---|---|---|---|
| (потпис и печат) | (потпис и печат) | (потпис и печат) | (потпис и печат) |

Изработил: Теодора Васик Петровска, Раководител на одд.

Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор

Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар